КУЛТУРА

*Датум: 06.05.2012, 14:57*

Ми се допаѓа 0

МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ПРОФИТАБИЛНА ЗА ИЗМАМНИЦИТЕ

# ЛИЧЕНОСКИ И МАРТИНОСКИ МЕТА НА ФАЛСИФИКАТОРИТЕ ВО РЕГИОНОТ



Фалсификување уметнички дела од македонски автори се тренд во земјите од поранешна Југославија, велат полициски извори за „Дневник“. Најинтересни за измама се основоположниците на македонската современа уметност, но и авторите што твореле во втората половина на минатиот век. Историчарите на уметноста сметаат дека дела од нивните домашни автори се фалсификуваат со децении, затоа сега се интересни нашите. Главниот мотив тие го гледаат во профитот од продажбата на фалсификатот. Од полицијата, сепак, велат дека предмет на интерес е нашето целокупно културно наследство.

- Тоа што нас н` идентификува различно од другите нации е токму културното наследство. Ние дури не сме ни свесни дека ни се случува криминал со етнологијата на Македонија, со современата уметност. Се прават фалсификувани уметнички дела од наши познати автори и се продаваат како оригинали. Најинтересни се делата на основоположниците, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски, но и на втората генерација ликовни уметници како Петар Мазев - вели Д.Н. од Министерството за внатрешни работи.

Цените се паднати

Историчарката на уметноста Виолета Атанасова е судски проценител на уметнички дела, сопственичка на скопската галерија „Ел Греко“. Таа вели дека досега немала лошо искуство со фалсификати.

- Ова е одговорна работа и не си дозволувам невнимателност. Чуден ми е трендот со оглед на тоа што делата од нашите мајстори во земјите од поранешна Југославија биле најдевалвирани. Уметничките дела од нивните основоположници отсекогаш се продавале за многу повисока цена. Во секој случај, нема реално вреднување на пазарот - вели таа.

Цената на едно уметничко дело зависи од повеќе фактори: кој е авторот, во кое време го создал, како е направено, колкаво е според димензиите. Според Атанасова, најмногу зависи од тоа колку му се брза на сопственикот да го продаде.

- Цените се многу спуштени во последните години. Генерално се движат од 3.000 до 5.000 евра. Пејзажите од Личеноски не надминуваат 4.000 евра. Дело од Мазев може да се најде и за 1.000 до 1.500 евра. Неодамна бев на една процена на дело од Димитар Кондовски, масло за платно со димензии 60 на 70 сантиметри, чија вредност беше проценета на 4.000 до 5.000 евра - вели Атанасова.

Сме дошле на ред

Според историчарот на уметноста Владимир Величковски, професор на катедрата за историја на уметноста при Филозофскиот факултет во Скопје, трендот на фалсификување дела од македонски автори во регионот веројатно се должи на презаситениот пазар од фалсификати на домашни автори.

- Сме дошле и ние на ред, да се „обработи“ овој регион. Луѓето се вешти и од тоа заработуваат. Освен социјалниот аспект, не веруваме дека има и естетски. Во изминатите децении нивните основоположници се веќе исцрпени, па се префрлаат на друг терен. Веројатно е организиран круг на луѓе што знаат дека од фасификати може добро да профитираат - вели тој.

Главни купувачи на фалсификати, смета Величковски, се не многу образовани, богати луѓе, кои може да се измамат.

- Имавме таква ситуација и кај нас. Со години на телевизија преку аукција се продаваа дела од Мерсад Бербер. И имаше луѓе што ги купуваа - објаснува Величковски.

**Весна И. Илиевска**

#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ


Беса не сака компромиси, СДСМ вели дека до понеделник ќе преговара


Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот


Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ


Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал демонстрации против Вучиќ


Вонпарламентарни десноориентирани партии во служба на

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
61,365 likes
Like Page Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја
- Болни амбиции и државно раскрчмување
- Загадување посилно од судбината
- Фашистички калифат
- Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија